# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**23.04.2014 год.** **Бр.XVII**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.гласник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на актите донесени на 17-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 22.04.2014 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на седумнаесеттата седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 22.04.2014 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-417/1 од 23.04.2014 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**Ѓорги Дамчески, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на седумнаесеттата седница, одржана на 22.04.2014 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВААТ** записниците од 15-та и 16-та седница на Советот на Општина Крушево, одржани на 19.03.2014 година и 14.04.2014 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.07-406/3 од 22.04.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 25 точка 5 од Законот за птосторно и урбанистичко планирање ( „Сл. весник на РМ “ бр.51/2005, 137/2007, 91/2009, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/2014 год. ), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „Сл.весник на РМ “ бр.5/2002 ) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Крушево („ Сл. гласник на Општина Крушево “ бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 22.04.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**

***за донесување на Урбанистички план вон населено место за индустриска зона “Опаленик ” КО Алданци Општина Крушево***

**Член 1**

Се донесува **Урбанистички план вон населено место за индустриска зона “Опаленик ” КО Алданци - Општина Крушево** 12.60 ха плански период 2013-2023 год. со тхе.бр. Е1413 изготвен од Агенција за планирање на просторот Скопје.

**Член 2**

Урбанистичкиот План Вон Населено Место ќе биде заверен од страна на Претседателот на Совет на Општина Крушево.

**Член 3**

За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина при Општина Крушево.

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила со денот на објавувањето во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-406/4 од 22.04.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М.“ бр.5/2002), член 1, 2 и 3 став.3, и член 6 став 2 од Законот за јавни претпријатија ( „Сл весник на РМ“ бр.38/1996...41/2014 ), член 5 став 1 алинеја 1 и член 8 став 1 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ( „Сл. весник на Р.М.“ бр.68/2005 ) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007), Советот на Општина Крушево, на седница одржана на ден 22.04.2014 година донесе:

***О Д Л У К А***
***управување со водоводната мрежа во с. Борино***

***Член 1***

Со оваа одлука Советот на Општина Крушево донесе одлука за управување со водоводната мрежа во с.Борино од страна на ЈП „Комуна“ Крушево ( во натамошниот текст давател на услугата).

***Член 2***

Давателот на услугата ќе врши снабдување на вода за пиење со зафаќање, обработка и дистрибуција на водата преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата во с. Борино општина Крушево.

***Член 3***

Давателот на услугата е должен на корисниците на услугата да им обезбеди трајно и непрекинато снабдување со здравствено исправна и чиста вода за пиење преку изградениот водоснабдителен систем.

***Член 4***

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-406/5 од 22.04.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1.Заклучок за објавување на актите донесени на седумнаесеттата седница на Советот на Општина Крушево .......................................... 1
2. Одлука за донесување на Урбанистички план вон населено место за индустриска зона „Опаленик” КО Алданци Општина Крушево ............................................................................. 1
3. Одлука за управување со водоводна мрежа во с.Борино ....................................................... 2

Редакциски одбор на Општина Крушево.